Совет на Општина Делчево
Број 09-2692/2
03.09.2026 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од 16.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 10.09.2026 година во Мултифункционалниот центар, со почеток во 10:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Советот на Општина Делчево.

Отсутен беше Горан Димитровски.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот кој за 16.седница на Советот го предложи следниот

Дневен ред
-Усвојување на Записник од 15.седница
-

1. Предлог-Одлука за примање донација на патничко моторно возило;

2. Предлог-Одлука за давање согласност за примање на донација од Фудбалска федерација на Македонија;

Образлагач: Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за правни и општи работи.

3. Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2027 година со Предлог-Одлука за давање согласност;

Образлагач: Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево;

4. Годишен извештај за работата на СОУ „Методи Митевски-Брицо“ за 2025/2026 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

5. Годишна Програма за работа на СОУ „Методи Митевски-Брицо“ за 2026/2027 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

Образлагач: Марина Синадиновски-Директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.

6. Предлог-Одлука за давање на согласност на Одлуката на Училишен одбор на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за отуѓување на отпаден лим;

7.Предлог-Одлука За давање на согласност на Одлуката на Училишен одбор на СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево за отуѓување на движни ствари кои престанале да се користат заради неисправност, технолошка некомпатибилност, технолошка застареност или се вишок во СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево;

8. Предлог-Одлука За давање на согласност за отуѓување и предавање на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на електронски отпад;

Образлагач: Кристина Стоилковска-Советник на ЛЕР.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 16.седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 15.седница на Советот.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 15.седница на Советот.

Прва точка-Предлог-Одлука за примање донација на патничко моторно возило;

Оваа точка ја образложи Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за правни и општи работи која истакна дека со оваа Одлука Советот на Општина Делчево дава согласност за примање на донација на движна ствар – патничко моторно возило, од донаторот AURES Holdings со седиште на адреса: Dopraváků 874/15, Čimice, 184 00 Praha 8, Чешка Република, како сопственик на моторното возило, за потребите на Општина Делчево - ТППЕ Делчево.Предмет на донацијата е следното моторно возило

Марка: OPEL

Тип: EAHCA12, BA2R5FPHA7

Комерцијална ознака: ZAFIRA TOURER

Вид на возило: патнички автомобил

Идентификациски број на возилото (VIN): W0LPE9NH5F2004355

Работна зафатнина на моторот: 1.956 cm³

Моќност: 121 kW

Гориво: дизел

Возилото од член 2 на оваа Одлука се прима како донација во сопственост на Општина Делчево и ќе се евидентира во имотната евиденција на Општината согласно со важечките прописи.Се овластува Градоначалникот на Општина Делчево да склучи договор за донација со донаторот AURES Holdings со кој ќе се уредат правата и обврските на договорните страни, начинот на примопредавање на возилото, начинот на користење, како и други прашања од значење за реализација на донацијата.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против,нема и 1 воздржан, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Втора точка-Предлог-Одлука за давање согласност за примање на донација од Фудбалска федерација на Македонија;

Образлагач и по оваа точка беше Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за правни и општи работи која рече дека оваа одлука се донесува основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа и член 22 од Статутот на Општина Делчево ,а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и член 6 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. Со неа Советот на Општина Делчево дава согласност за примање на донација од давателот на донацијата Фудбалска федерација на Македонија, во форма на опрема за седење, наменета за потребите на Градскиот стадион во Делчево. Донацијата која се дава на Општина Делчево се состои во 1.180 (300 сини и 880 бели) столчиња со потпирач во вредност од 666.700,оо денари со вклучен ДДВ и 320 црвени столчиња без потпирач во вредност од 158.720,ооденари со вклучен ДДВ. Донацијата од член 2 од оваа Одлука се прифаќа заради уредување и опремување на Градскиот стадион во Делчево, подобрување на условите за присуство на спортски натпревари, културни и други јавни настани, како и унапредување на спортската инфраструктура на територијата на Општина Делчево. Се овластува Градоначалникот на Општина Делчево да склучи договор за донација со давателот на донацијата Фудбалска федерација на Македонија со кој ќе се уредат правата и обврските на договорните страни.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани,нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Трета точка-Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2027 година со Предлог-Одлука за давање согласност;

Образлагач по оваа точка беше Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево која истакна дека ова е ГПВ за 2027 година. Според него моменталната состојба вработени во библиотеката е 9, од кои 2 се административни работници, 5 даватели на услуги и 2 помошно-технички персонал. Не се планираат унапредувања, пензионирања-нема. Се планираат 2 нови вработувања, правник (виш соработник за човечки ресурси) и хаус мајстор.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски кој ја праша директорката на библиотека дали во библиотека нема правработеност?

Директорката рече дека за правник и за хаус мајстор не е превработена. Реално има голема потреба од тие две места.

Тони Стаменковски рече дека за правник можат да се обратат во Општината, таму има 5-6 лица вработени како правници.

Игор Гошевски ја праша директорка дали се планира реактивирање на клонот во с. Разловци бидејќи домот е реновиран, а во ГПВ не е превидено место за таму?

Б.Петровска рече дека таму реално нема потреба од ново вработување бидејќи нема деца кои ќе читаат книги, по потреба ќе одат моментално вработените.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на ГПВ на ЈЛБ „Илинден“ за 2027 година.

Четврта точка- Годишен извештај за работата на СОУ „Методи Митевски-Брицо“ за 2025/2026 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

Оваа точка ја образложи помошник директорката на СОУ „М.М.Брицо,Сања Димитровска која истакна дека наставно-воспитната работа согласно Законот за средно образование започнала на 01 септември 2025 год. Редовната настава според програмата и календарот за учебната 2025/2026 год. за учениците од завршните класови завршила на 15.05.2026, а за останатите ученици на 10.06.2026 год. Така биле реализирани предвидените 166 наставни денови за учениците од завршните години на образование.

Од самиот почеток и во текот на целата година сите наставни програми во сите струки во училиштето биле застапени со соодветен наставен кадар. Во оваа учебна година наставата во прва, втора, трета и четврта година се реализирала според наставни планови и програми на средното образование. По завршувањето на редовната настава на крајот на учебната година во мај, јуни и во август 2026 год. во училиштето била организирана дополнителна настава за оние ученици кои беа упатени на поправен испит и испит на годината . На крајот на учебната година, матура полагале сите ученици од четврта година и оние ученици кои имаат завршено порано.

Во учебната 2025/2026 година во СОУ " Методи Митевски- Брицо" биле запишани 304 ученика, од кои во гимназиско образование се запишале 228 и 76 ученика во стручно образование односно во текстилна насока 27 ученика, а во хемиско- технолошка струка се запишале 49 ученика. Во текот на наставната година се запишале 2 ученици ,а се отпишале 4 ученици . На крајот од наставната година останале 302 ученика, во гимназиско образование вкупно 227 ученици и во стручното 75 ученика. Учениците се поделени во 21 паралелки .

За учебната 2025/26 год. биле изработени глобални и тематски распределенија од страна на сите наставници, како и планирањата за додатна, дополнителната настава и планирања за проектните активности и слободните часови на училиштето од поголем број на наставниците. Овие

планирања се во согласност на плановите дадени од МОН и Бирото за развој на образованието, за реформираното гимназоско образование и стручно образование (текстилно-кожарската и хемиско – технолошка струка). И оваа учебна година се продолжи со водењето на професионалното досие за наставниците и стручните соработници. Наставната програма исто така во текот на учебната година од страна на наставниот кадар била целосно реализирана, недостасуваат кај одредена група на наставници неколку часови но проблем се секако и големиот број на државни празници и боледувања од страна на наставниците. Проблеми со кои се уште се соочуваат професорите во наставата е немањето на учебници по некои предмети за стручното образование, ненавременото доставување на програмите, односно промената и дополнувањето на истите. Покрај редовната настава, биле реализирани и другите видови на настава како што се дополнителната и додатната настава, слободните часови и проектните активности.

Учениците од СОУ ,,М.М.Брицо", Делчево успешно ја продолжуваат традицијата да учествуваат на општински, регионални, републички натпревари, а во поново време и на меѓународни натпревари.

Во продолжение на ова образложение беше дадено образложение и за Програмата за учебната 2026/2027 при што истакна дека Годишната програма за работа на средното училиште за учебната 2026/2027 година се изработува согласно Законот за средното образование и Правилникот за содржината на годишната програма за работа на средното училиште. Правилникот утврдува дека програмата ја одразува мисијата и визијата на училиштето, обезбедува систематско планирање на активностите и ресурсите и се изготвува врз основа на Развојната програма за работа на училиштето. Правилникот се применува од учебната 2026/2027 година. Програмата ги опфаќа воспитно-образовниот, организацискиот, административниот и стручниот процес, со цели, приоритети, очекувани резултати, активности, индикатори, реализатори, временска рамка и ресурси. Изработената програма се доставува до Наставничкиот совет и Советот на родители на мислење, ја усвојува Училишниот одбор, а ја донесува основачот.

Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Игор Гошевски кој праша дали училиштето води некоја статистика за учениците кои завршиле стручно образование, дали имаат интерес за работа во локалните фирми?

Помошник-директорката истакна дека оваа година е новина тоа што ќе има кариерно информирање, така што во идниот изештај ќе ја има и таа информација.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а 4.точка беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, 1 „ВОЗДРЖАН“, против-нема, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на СОУ „Методи Митевски-Брицо“ за 2025/2026 година.

Претседателот отвори расправа по петтата точка- Годишна Програма за работа на СОУ „Методи Митевски-Брицо“ за 2026/2027 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

За збор се јави Игор Гошевски кој праша дали во буџетот има средства за кабинетот што треба да се реновира оваа година?

Помошник-директорката истакна дека не се планирани средства во буџетот тековно ќе се решава ова прашање.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, 1 „ВОЗДРЖАН“, против-нема, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ „Методи Митевски-Брицо“ за 2026/2027 година.

Шеста точка-Предлог-Одлука за давање на согласност на Одлуката на Училишен одбор на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за отуѓување на отпаден лим;

Оваа точка ја образложи Кристина Стоилковска-Советник за ЛЕР која рече дека Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Прке“ донел Одлука за отуѓување на отпаден лим кој е од оштетен покрив од невремето и истиот не е за користење. Затоа се бара согласност од Советот на Општина Делчево, односно Советот да даде согласност на Одлуката на Училишен одбор во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за отуѓување отпаден лим од кровна конструкција на училиштето уништен од природна непогода бр.02-292/5 од 03.07.2026 година. Дополнително ќе се формира Комисија за проценка и отуѓување.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА„, 2 „ВОЗДРЖАНИ“ и 1 се изземува од гласање, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Седма точка-Предлог-Одлука за давање на согласност на Одлуката на Училишен одбор на СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево за отуѓување на движни ствари кои престанале да се користат заради неисправност, технолошка некомпатибилност, технолошка застареност или се вишок во СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево;

И оваа точка беше образложена од К.Стоилковска која рече дека во прилог на оваа одлука на системот за е-седници се прикачени и Записник и Спецификација. Одлуката се однесува за давање на согласност на Одлуката на Училишен одбор на СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево за отуѓување на движни ствари кои престанале да се користат заради неисправност, технолошка некомпатибилност, технолошка застареност или се вишок во СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА„, 3 „ВОЗДРЖАНИ“, против-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Осма точка- Предлог-Одлука За давање на согласност за отуѓување и предавање на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на електронски отпад;

Образложение поднесе Кристина Стоилковска која истакна дека се однесува за давање на согласност за отуѓување и предавање на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на електронски отпад. Се дава согласност движните ствари за кои Советот на Општина Делчево има донесено Одлука за давање согласност на Одлуката на Училишен одбор на ООУ Ванчо Прќе Делчево за отуѓување на електронски и електричен отпад бр.09-2894/1 од 27.08.2026 година да се предадат на правно лице со кое Општина Делчево има склучено Договор, а кое е регистрирано за вршење дејност и поседува лиценца и дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад за движни ствари-опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и неможат да се продадат или разменат како такви.Составен дел на оваа Одлука е листата на електронски отпад.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА„, 2 „ВОЗДРЖАНИ“, против-нема, 1 советмик се изземува од гласање, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски

Записникот го водела
Снежана Трајкова